**Одговор:**

1. План за интегритет:

Министерството за одбрана има свој План за интегритет за период 2021-2024 година. Ова е втор План на Министерството, по Планот кој се реализира за период 2016-2019 година. Планот за интегритет 2021-2024 година е изработен со техничка помош од страна на Центарот за интегритет во одбранбениот сектор од Норвешка (CIDS).

Планот за интегиртет опфаќа шест стратешки цели. Овие шест цели ги покриваат сите важни области во градењето интегритет и нивното спроведување ќе овозможи унапредување на системот и културата на интегритет во одбранбениот сектор, како и вклучување на концептот на интегритет во најважните аспекти од работењето на Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија .

Стратешки цели на Планот за интегритет 2021-2024 вклучуваат:

1. Подобрување на ефикасноста на системот за управување со човечки ресурси;
2. Спречување на судирот на интереси;
3. Унапредување на интегритетот при учество во меѓународни мисии и операции;
4. Унапредување на системот за набавки и аквизиција;
5. Подобрување на системот за управување со движни и недвижни ствари;
6. Зајакнување на механизмите за внатрешна контрола.

Врз основа на Планот за интегритет (во линкот подоле), секоја година се изработува План на активности кој се одобрува од авторитетите во Министерството за одбрана.

Во согласност со Политиката за активна транспарентност, Министерството за одбрана редовно и на секои шест месеци, изработува и јавно објавува извештај за степенот на реализација на активностите предвидени со Планот за интегритет 2021-2024 година.
Шестмесечните извештаи се изработуваат стандардизирано, во посебно дизајнирана матрица, која е дел од Планот.

На следниот линк од веб страната на МО, можат да се најдат сите документи поврзани со Планот за интегритет на МО вклучувајќи ги и шестмесечните извештаи за степенот на реализација на активностите:

https://mod.gov.mk/%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D1%88%D0%BA%D0%B8-%D0%B4%D0%BE%D0%BA%D1%83%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B8/#1630917427779-220ce1a6-1c10

2. Годишна Антикорупциска програма (за последната година за која имате ваква програма):

Планот за интегритет (2021 – 2024) е основен документ на Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија за спречување и борба против потенцијалните ризици од корупција во институцијата. При неговата изработка се водеше сметка истиот да ги следи начелата на Националната стратегија за спречување корупција и судир на интереси 2021-2025, Политиката за градење интегритет на НАТО со Акцискиот план, Индексот на интегритет на Транспаренси Интернешнл (ТИ ГДИ), и други релевантни национални и меѓународни политики за транспарентност, добро управување и интегритет во одбранбениот сектор. Во оваа насока Планот за интегритет има за цел да воспостави систем на мерки кои ќе овозможат справување со корупцијата и идентификување на причините, условите и факторите кои овозможуваат нејзино ширење. При неговата изработка е направена проценка на ризици од корупција и ризици по интегритетот, по области, како и консултации со Државната комисија за спречување корупција, други релевантни институции и невладини организации кои работат на полето на транспарентноста и интегритетот.

Активностите од Планот се конкретно утврдени во делот наречен Матрица на активности, што дефинира и рокови, надлежни сектори и други елементи поврзани со реализацијата на активностите, за секоја година одделно.

3. Интерна процедура за спроведување на постапките за јавна набавка и реализација на договорите за јавна набавка:

Во Министерството за одбрана, интерната процедура за спроведување на постапки за јавни набавки и реализација на договорите за јавна набавка се реализираат согласно Упатсвото за начинот на спроведување на постапките за јавни набавки во Министерството за одбрана (интерни процедури) бр. 01-607/1 од 12.09.2019 година. Истиот е објавен на веб страната на Министерството за одбрана. Линк Upatstvo-za-nacinot-na-sproveduvanje-na-postapkite-za-JN-vo-MO-12.09.2019-interni-proceduri.pdf (mod.gov.mk)